РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1616/2
06-08-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана на ден 01.08.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1616/1 од 16.05.2024 година, со наводи за неправилности во процес на вработување по спроведен јавен оглас ------------ во ------------- , СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1616/1 од 16.05.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 16.05.2024 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности во процес за вработување по спроведен јавен оглас --------- година во Основното јавно обвинителство ---------, СЕ ОТФРЛА.
Во пријавата подносителот наведува дека по предметниот јавен оглас во Основното јавно обвинителство - ----------------- – 1 извршител, точка 25, Б4 Помлад јавнообвинителски соработник за казнено право, имало сомневање за сериозни коруптивни елементи.

Подносителот на пријавата навел дека по спроведената административна селекција и стручен испит имал повеќе бодови од другиот кандидат. Подносителот на пријавата против Одлуката за избор на кандидат по пат на јавен оглас повел управен спор со тужба до -------------- суд на Република Северна Македонија.
Подносителот на пријавата бил незадоволен зошто пред да ја поднесе горенаведената тужба, поднел жалба до --------------, а добил само Известување по жалба против одлука за избор на кандидат по Јавен оглас.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Известувањето и неговото образложение наведува дека било несериозно, бидејќи државните органи имале обврска да одлучуваат за правата и обврските на граѓаните со полн капацитет, но напротив во истото образложение било напишано дека воопшто не било одлучувано и дека ---------------- не бил формиран поради немање на секретари и поради тоа не бил во можност да одлучува во втор степен, по што го упатил подносителот на пријавата да поднесе тужба.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема елементи за понатамошно постапување од причина што процедурата на постапката за вработување по предметниот јавен оглас е спроведена согласно пропишаното во соодветните одредби од Законот за јавнообвинителската служба а имајќи го во предвид и фактот дека подносителот на пријавата дека веќе повел управен спор со тужба до -------------суд на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата